**Universiteti Shtetëror i Tetovës**
*Dr`aven Univerzitet vo Tetovo*
**State University of Tetova**

Republika e Maqedonisë, 1200 Tetovë-Tetovo, Rr.-Ul.Ilindenit-Ilindenska Rektorati i Univerzitetit-Rektorat na Univerzitetot
Republic of Macedonia, www.unite.edu.mk Tel: ++389 44 356 500 Fax: 334-222

Врз основа на член 131 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ, бр. 35/08) и член 144 од Статутот на Државниот Универзитет во Тетово, во согласност со Записникот бр. 21-1006/1, од 2.07.2010 година, и Одлуката бр. 21-1006/2, од 2.07.2010 година на Државниот просветен инспекторат на Република Македонија, по предлог на Наставно-научните совети на факултетите, Ректорската управа на ДУТ објавува:

## К О Н К У Р С

За избор на соработници во звање на соработници на Државниот Универзитет во Тетово.

**А**. Се објавува Конкурс за избор на соработници во звањето асистент, односно помлад асистент на Државниот Универзитет во Тетово.

**1. Филолошки факултет**
Еден соработник за предметите од областа на македонски јазик и литература.

**2. Факултет за прехранбената технологија и исхрана**
Еден соработник за предмети:
-Технологија на производство на млеко
- Технологија на производство на месо
Еден соработник за предмети од областа на прехранбената технологија

**3. Факултет за применети науки**
Еден соработник за предмети од областа на економското инженерство

**За избор во соработнички звање кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени со Законот за високото образование:**

• Наставно- научно звање, со Одлука на надлежниот орган – Наставно-научен совет на високообразовната установа, ако истата ја има;
• Нострифицирана Диплома заверена за завршено високо образование и здобивање на научно звање магистер на науки, од научната област на која се избира;
• Кандидатите кои конкурираат потребно е да имаат континуитет во студиите во соодветната област;
• Листа на научни трудови и објавени професионални публикации, како и копии од објавените трудови;
• Кратка биографија (CV);
• Да го доставуваат магистерскиот труд;
• Потврда за работното искуство на Универзитет (за кандидатите кои конкурираат во звањето асистент);
• Потврда за познавање на еден странски јазик;
• Познавање на албанскиот јазик - пишување и читање;

• Извод од матичната книга на родените;
• Уверение за државјанство;
• Интервју од страна на Рецензентската комисија.

**Д.** Пријавата со потребните документи, кандидатот треба да ги достави во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Конкурсот, во Ректоратот на Државниот Универзитет во Тетово, на адреса: Ректорат на Државниот Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Тетово, 29.9.2010 година** **Државен Универзитет во Тетово**